Врз основа на член 22, точка 2 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија" бр. 16/11 и 136/11) Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија на седницата одржана на 18 јануари 2012 година, донесе

**ТАРИФЕН СИСТЕМ**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ТАРИФНИОТ СИСТЕМ ЗА ПРОДАЖБА НА ПРИРОДЕН ГАС НА ТАРИФНИ ПОТРОШУВАЧИ**

**Член 1**

Во Тарифниот систем за продажба на природен гас на тарифни потрошувачи („Службен весник на Република Македонија", бр.94/05 и 43/10), членот 5, се менува и гласи:

„ (1) Месечната продажна цена на природниот гас за тарифни потрошувачи непосредно приклучени на системот за пренос на природен гас е изразена во ден/$nm^3$ и се пресметува по следната формула:

$$C_{mtp} = C_n + R_t + T$$

каде што:

$C_{mtp}$ - месечна продажна цена на природен гас за тарифни потрошувачи приклучени на системот за пренос на природен гас ( денари / $nm^3$);

$C_n$ набавна цена на природен гас од трговецот (САД \$ / $nm^3$) која се пресметува по следната формула:

$$C_n = C_f + Z_t$$

$C_f$ - фактурна цена од трговецот на природен гас како производ помеѓу увозната цена на природниот гас и куповниот курс на САД \$ за месецот согласно заклучницата за купопродажба на девизи од претходниот месец (денари / $nm^3$);

$Z_t$ - зависни трошоци кои трговецот на природен гас ги фактурира на снабдувачот (царина и царински давачки, банкарска провизија, банкарска гаранција и трговски надоместок), при што трговскиот надоместок, како дел од зависните трошоци, е лимитиран на 0,4 ден/$nm^3$ намален за цената за услугата снабдување со природен гас на тарифни потрошувачи ($R_t$) ( денари / $nm^3$);

T - данок на додадена вредност согласно со закон;

(2) Фактурна цена на природниот гас се определува по следната формула:

$$C_f = \frac{C_O * H_d}{33500}$$

каде што:

$C_f$ - фактурна цена на природниот гас, согласно долната топлинска моќ (\$ / $nm^3$ );

$C_0$ - набавна цена на природен гас (САД \$ / $nm^3$);

$H_d$ - долна топлинска моќ на испорачаниот природен гас ( кЈ / $nm^3$).

(3) Корекција на фактурната цена на природниот гас од ставот 2 на овој член според испорачаната топлинска моќ на природниот гас, како и порамнувањето по овој основ, се

врши на начин и во постапка утврдена во Договорот за набавка на природниот гас од увоз (во понатамошниот текст: Договор за набавка).

(4) Набавна цена на природниот гас од ставот 2 на овој член, претставува цена за 1nm$^3$ природен гас која што се пресметува согласно условите и критериумите утврдени во договорите за набавка на природен гас, со основна долна топлинска моќ од 33.054 до 33.890 кЈ/nm$^3$ “.

**Член 2**

Членот 6 се менува, и гласи:

„(1) Месечна продажна цена на природниот гас се утврдува за секој месец во кварталот, согласно заклучницата за купопродажба на девизи од претходниот месец (денари/ САД $) и согласно сертификатот за квалитетот на природниот гас.

(2) Носителите на лиценца за снабдување со природен гас на тарифни потрошувачи непосредно приклучени на системот за пренос на природен гас, должни се за секоја месечна промена на набавната цена на природниот гас да поднесат барање за одобрување на месечна продажна цена до Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, со предлог за нова продажна цена.

(3) Барањето за одобрување на месечна продажна цена на природниот гас, се поднесува до Регулаторната комисија за енергетика најмногу 5 дена по истекот на претходниот месец, при што барателот ги наведува причините за промена и ја приложува потребната документација за оправданоста на промената, односно доставува:

- податоци за реализирани испорачани количини на природен гас, за претходниот месец;
- податоци за планирани количини на природен гас, за тековниот месец;
- заклучници за купопродажба на девизи, за претходниот месец;
- копии на фактури и книжни ноти на зависните трошоци ($Z_t$ ) сврзани со набавка на природен гас од трговецот;
- копии од фактурите за плаќање на испорачаните количини на природен гас спрема странскиот добавувач за претходниот месец;
- сертификат за квалитетот на испорачаниот природен гас;
- потврда за увозната цена на природниот гас од странскиот добавувач на природниот гас на почеток на секој квартал во услови на непостоење на увозна фактура, и
- други податоци по барање на Регулаторната комисија за енергетика.

(4) Регулаторната комисија за енергетика е должна во рок од 7 дена од приемот на барањата од ставот 3 на овој член, да донесе одлука за новата месечна продажна цена на природниот гас и истата да ја објави во „Службен весник на Република Македонија“.

(5) Во одлуката од став 4 на овој член, освен продажната цена на природниот гас, се објавува и нејзината структура, односно:

- набавната цена на природниот гас и продажниот курс на САД $ за претходниот месец, согласно заклучницата за купопродажба на девизи (денари/ САД $), според кој е утврдена набавната цена;
- цената за услугата снабдување на тарифните потрошувачи непосредно приклучени на системот за пренос на природен гас,
- цената за услугите пренос и управување со системот за пренос на природен гас и
- износот на ДДВ“.

**Член 3**

Разликата на корегираната набавна цена и корегираните зависни трошоци настанати како резултат на ненадоместени курсни разлики и зависни трошоци во однос на одобрените набавни цени и зависни трошоци за третиот и четвртиот квартал од 2011 година, ќе биде вкалкулирана во месечните продажни цени на природниот гас за првиот квартал од 2012 година.

**Член 4**

Овој Тарифен систем, влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

**Бр. 01-97/1**
**18 јануари 2012 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Димитар Петров**